# СУДСКИ МОНИТОРИНГ НА ПОСТАПКИ ОД ОБЛАСТА НА ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА

**Автор: Ивана Петковска**

**Скопје, 2021**

Република Северна Македонија како земја кандидат за членство во Европската Унија пред себе како еден од најголемите предизвици кој што го има во зајакнување на правната држава и владеење на правото е справувањето со организираниот криминал и корупција. Ова особено се однесува на тоа, како нашата држава се справува со високата корупција помеѓу државните функционери и злоупотребата на државните пари. Организираниот криминал е појава во општествените науки и во современото општество, која е неизбежно поврзана со постоењето на корупцијата. Од друга страна, корупцијата претставува condition sine qua non за развој на организираниот криминал, а основата за сето тоа ја наоѓаме во лесно корумптивната природа на човекот. Организираниот криминал како мрежа со голем број учесници односно физички лица, компании, претпријатија, но и државни органи е возможен само доколку во системот имаме личности спремни да бидат соучесници и да можат мирно да го гледаат распаѓањето на системот одвнатре носејќи се со фактот дека тие самите тоа го помогнале.

Во последниот извештај на Европската комисија за Република Северна Македонија, во делот на Поглавјето 23 кое се однесува на правосудството и фундаменталните права, нотирано е дека корупцијата е распространета во многу области и останува прашање на загриженост. Исто така, во извештајот се напоменува дека Северна Македонија има одредено ниво на подготовка/е умерено подготвена во превенцијата и борбата против корупцијата. Постигнат е добар напредок , бидејќи земјата го консолидираше своето досие во истрагата, гонењето и судењето во предмети на корупција на високо ниво.1 Во овој дел од извештајот, Комисијата дава и препораки дека државата потребно е да ја зголеми евиденцијата за конечни пресуди за случаи на корупција на високо ниво како и да демонстрира политичка волја за борба против корупцијата преку поддршка на релевантни тела со натамошни финансиски и човечки ресурси.

Владеењето на правото е тесно поврзано со постоење на функционална и независна судска власт, па отсуството на независност и самостојност во работата на правосудниот сектор резултира со намалување на квалитетот на работата на истиот и со опаѓање на довербата на граѓаните во правосудството. Она што останува како проблем во нашето правосудство е тоа што за жал сé уште имаме невоедначена судска пракса на судовите ширум државата поради што се зголемува правната несигурност кај граѓаните. Невоедначената судска пракса на судовите низ државата е аргумент плус во корист на зголемување на правната несигурност на граѓаните, кое нешто е посочено во сите досега спроведени анализи домашни и странски. Детектирана е состојба на отстапувања во толкувањето и примената на законите од страна на основните судови, а особено на апелациони судови од исти или различни оддели, при донесувањето на одлуки за исти или слични правни основи. Меѓутоа неизбежно е да се потенцира и недоволното и нејасно аргументирање на пресудите и не примена на одлуките на ЕСЧП за аргументација во одлуките.

Коалиција „Сите за правично судење“ во последните неколку години, активно ги мониторира предметите од областа на организираниот криминал и корупција со посебен акцент на предметите од висок профил на корупција кои што се водат пред Одделението за организиран криминал и корупција при Основниот кривичен суд во Скопје. Засилената потреба од реформските процеси во изминатите години, а особено иницирањето на процесот на реформи во правосудството кои директно или индиректно влијаат на

[1] Извештај на Европската комисија за Северна Македонија за 2020 година, стр.26

„Содржината е единствена одговорност на Коалицијата „Сите за правично судење“ и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или организациите што ја спроведуваат.

перформансот на судовите, беше дополнителна мотивација на Коалицијата да продолжи со следење на овие судски постапки.

## СПРАВУВАЊЕТО НА НАДЛЕЖНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО ТЕКОТ НА ПОСТАПКИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА

РСМ во својата институционална мрежа има предвидено неколку институции кои се задолжени за ефективна и ефикасна борба со организираниот криминал и корупција, преку кои се очекува државата да овозможи и обезбеди соодветен одговор на истата за овој современ феномен. Имајќи предвид дека истите постапваат во различи фази од откривањето до процесуирањето на овој вид на криминал, предмет на разгледување, а низ призмата на следените судски постапки ќе бидат поранешното Специјално јавно обвинителство, Основното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, како и посебното Одделение во рамки на Основниот кривичен суд во Скопје за гонење на организиран криминал и корупција.

Од формирањето на поранешното Специјално јавно обвинителство(СЈО)[2], па се до неговото институционално згаснување [3],беа иницирани 20тина судски постапки за предмети од областа на високата корупција. Дел од нив, до денес, сé уште се во судски процес односно не ја доживеале своја завршница. Она што предизвикува особено внимание е фактот што дел од овие предмети сé уште се во фаза на изведување на докази предложени со самите обвиненииенија, иако овие предмети се започнати пред повеќе од 3 години, односно во 2018 година.

Како референтен пример за овие предмети би го издвоиле  предметот под кодно име „Титаник“, водечки и најпрепознатлив предмет од иницираните, а кој се однесува на изборните нерегуларности на парламентарните избори во периодот 2011-2014 година. Главната расправа по овој предмет започна во 2018 година, во која, во фаза на доказна постапка јавното обвинителство изведе над 5900 материјални докази, а се уште во процес на сослушување се и последните 20тина сведоци од предложените 200. Имајќи предвид дека доказите предложени од страна на јавното обвинителство се изведуваат повеќе од 3 години, несомнено е дека овој судски процес е далеку од завршница бидејќи по изведување на доказите на обвинителството постапката треба да продолжи со изведување на доказите предложени од 21 обвинето лице. Земајќи ги предвид овие карактеристики на предметот, несомнено е да се констатира дека станува збор за можеби и најобемниот предмет во оваа област, а воедно и во Основниот кривичен суд Скопје. Со оглед на ваква поставената динамика не само во овој, туку и во останатите судски процеси иницирани од поранешното Специјално јавно обвинителство, легитимно се поставува и прашањето- дали обвинетите лица во овие постапки до крај ќе го уживаат целосно правото на судење во разумен рок, особено ако се земе предвид дека правото на судењето во разумен рок е процесен идеал што го моделира процесниот и пошироко судскиот систем на една земја, и има вои гаранции во  Европската конвенција за човекови права.

Дополнително на погоре наведениот предизвик, се надоврзува и вообичаениот предизвик за честото одлагање на рочиштата, кој Коалицијата го има детектирано како проблем и во досегашните анализи во спроведениот мониторинг на предмети од организиран криминал и корупција за периодот 2017-2019 година.

---

[2] Закон за јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконскто следење на комуникациите, Службен Весник на Р.М. бр: 159/2015 од 15.09.2015 година
[3] Закон за Јавното обвинителство, Службен Весник на Р.М. бр: 42/2020 од 16.02.2020 година

„Содржината е единствена одговорност на Коалицијата „Сите за правично судење“ и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или организациите што ја спроведуваат.

Имено, согласно процесниот закон, за едно рочиште да може да се одржи, потребно е да бидат исполнети одредени законски претпоставки, односно потребно е да бидат присутни странките во постапката (ова се однесува на задолжително присуство на јавниот обвинител, обвинетиот и неговиот бранител) освен кога законот предвидува одредени исклучоци од ова правило. Од спроведениот мониторинг на високопрофилирани предмети од областа на организираниот криминал и корупција, Коалицијата има констатирано висок степен на одложени расправи поради отсуство на лица чиешто присуство е задолжително. Отсуството на бранителите и јавните обвинители и понатаму е генерално една од клучните причини за одлагање, но сè почесто како причина се јавува и непотполниот состав на судскиот совет. И понатаму се евидентира отсуство на јавните обвинители поради “преклопување” со други предмети кое нешто несомнено упатува на недоволна екипираност на јавните обвинителства и недостаток на јавно-обвинителски кадри во обвинителствата. Во таа насока, Коалицијата доследно останува на препораката дека потребно е судот да вложи повеќе напор во координација при закажувањето на судските расправи, имајќи предвид дека менаџирањето со судските постапки, кое вклучува и усогласување на интерните распореди на судиите, но и на останатите учесници на постапките е токму во надлежност на судовите. Па оттука, неопходно е самиот автоматизиран систем за распределување на предметите (АКМИС системот) да биде координиран и усогласен согласно распоредите на активности на сите субјекти во постапката, како би се минимизирал ризикот од одлагање на судските расправи, токму на оваа околност-недостапност на некој од учесниците во постапката или пак самиот арбитар на истата.

Од друга страна пак, зголемената стапка на отсуства на судиите и обвинителите може да биде показател за недоволните капацитети на човечки ресурси во судовите и обвинителствата. Прашање, кое само посебе е неопходно да се адресира и на институциоанлно ниво, а во насока на соодветно следење на предвидените систематизации на работни места предвидени за судовите и јавните обвинителства и во овозможување на потполна ефикасност и непречена функционална оперативност на овие институции.

## (НЕ) ИЗРЕКУВАЊЕТО НА МЕРКАТА КОНФИСКАЦИЈА ВО ПРЕДМЕТИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА

Еден од предизвиците со кој се соочува нашиот правосуден систем, а особено судовите е секако одземањето односно конфискувањето на противправно стекнатиот имот и имотна корист од истиот. Република Северна Македонија ги има ратификувано меѓународните конвенции кои се однесуваат на конфискацијата, или кои вклучуваат одредби кои регулираат сегменти од конфискацијата на имот, а дополнително има направено и усогласувања на домашните закони со рамковните одлуки и директивите на Европската Унија кои се однесуваат на оваа област. Сепак и покрај тоа, Р.С.Македонија е често критикувана токму од овие меѓународни институции како земја која не се справува соодветно со корупцијата, особено со високите видови на корупција кои често вклучуваат сегашни или поранешни функционери. Домашната стручна јавност често го покренува прашањето за финансиските истраги кои се однесуваат на потеклото на имотот на службените лица, но и за слабата примена на конфискацијата на незаконски стекнатиот имот.

Мерката конфискација на имот во нашата држава е дефинирана во Кривичниот законик, во кој е детално регулирано како истата се изрекува, а во Законот за кривичната постапка е регулираа целосната постапка за оваа мерка која е дополнета и со Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка. Важно е да се напомене дека конфискацијата на

„Содржината е единствена одговорност на Коалицијата „Сите за правично судење“ и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или организациите што ја спроведуваат.

имот како посебна казнено правна мерка во Р.С. Македонија е воведена со законските измени на Кривичниот законик од 2004 година, додека пак со измените од 2009 година кои стапуваат на сила во 2010 година, се воведени и посредната и проширената конфискација, а уредена е и конфискацијата на имот и имотна корист од правно лице. Иако мерката конфискација на имот е предвидена во КЗ од 2004год., првите пресуди во кои е изречена оваа мерка се од 2008год. Ова во голема мерка се должи на недоволната уреденост на постапката за конфискација, немањето на капацитети и ресурси во специјализираните центри за спроведување на обемна и детална финансиска истрага, како и тромавото и нефлексибилно напуштање на задолжувањето осуденото лице да го надомести противправно стекнатиот износ. Ваквото постапување на судовите да го задолжуваат обвинетото лице да го надомести противправно стекнатиот паричен износ е сè уште застапено во пракса, а конфискацијата е сè уште слабо применета.[4]

Во пизминатата година, Коалицијата активно вршеше мониторинг на кривични судски постапки во предмети каде што има можност да се изрече мерката конфискација според кривичното дело кое му се става на товар на обвинетото лице. Согласно законот, судот треба да донесе одлука за конфискација на имотната корист прибавена со сторување на кривично дело со пресудата со која се огласува обвинетиот за виновен. Во спроведениот мониторинг во 2020 година, од 800 рочишта за главна расправа, односно во 3 од јавно објавените пресуди беше донесена одлука за конфискација на непосредната имотната корист стекната со кривичното дело, или во 22% од предметите во кои било истакнато барање за конфискација или предлог за замрзнување на имот. Она што е интересно е што во 21% од случаите, или исто колку што биле донесени одлуки за конфискација судот се определил да го задолжи обвинетиот да го врати противправно стекнатиот имот, а не и да определи конфискација на имотната корист.5

Врз основа на вака утврдените состојби по однос на примената на мерката конфискација, би можело да се констатира дека е неопходно да се пристапи кон зајакнување на капацитетите на истражните органи за спроведување на навремени и темелни финансиски истраги во склоп на кривичната истрага како би се избегнало поистоветување на финансиската истрага со кривична истрага за сторен финансиски криминал. На овој начин ќе се овозможи соодветно лоцирање на имотот стекнат со кривично дело, неговите трансформации, модификации, менувања на вредноста, префрлање во владение, како и искористеност за кривични дела, а со тоа и правилна и целосна конфискација на целиот имот кој потекнува од нелегални извори. Идентично, неопходно е да се пристапи кон унапредување на дефинициите во Кривичниот законик кои се однесуваат на посредната и вредносната конфискација, особено во поглед на утврдување на принципи за конфискување на имот кој е инвестиран во кривични активности, како и нелегален имот кој е дополнително умножуван и чија вредност е зголемена по сторување на кривичното дело, како и за прецизно определување на износот кој може да биде одбиен од имотот кој треба да се конфискува.

---

[4] Петровска Н., Аврамовски Д. - Конфискацијата на имот во судските постапки поврзани со корупција, 2019 година

[5] Петровска Н., Аврамовски Д. – Практична примена на мерката конфискација во кривичните постапки во Република Северна Македонија, 2021 година

„Содржината е единствена одговорност на Коалицијата „Сите за правично судење“ и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или организациите што ја спроведуваат.

**КАЗНЕНА ПОЛИТИКА**

Третата проблематика на која ќе се осврне овој документ е казнената политика кој се однесува на предметите од областа на организираниот криминал и корупција како и предмети што се водат за „обичните“ кривични дела пред Одделенијата за полнолетни лица. Во поглед на казнената политика можеме да забележиме дека доминира стремежот на одредување казни на сторителите на кривичните дела. Во последната анализа на Коалицијата во однос на системскиот мониторинг на кривични судски постапки, од донесените и јавно објавени пресуди со чие изрекување набљудувачите биле во можност да се запознаат, најголемиот дел се осудителни пресуди, и тоа 83%, додека 10% од пресудите биле ослободителни, а 7% одбивателни пресуди. Она што е веднаш воочливо во насока на казнената политика на редовните кривични дела, е зголемувањето на одбивателните, а особено зголемувањето на ослободителните пресуди, кои во досегашниот мониторинг на годишно ниво биле забележани во опсег од 0 до 3 % од сите донесени пресуди.[6] Ова е податок кој несомнено упатува на одреден степен на подобрување на квалитетот на работа на институциите задолжени за прогон, а особено имаќи го предвид податокот дека декади наназад, казената политика, односно успешноста во перформансот на јавното обвинителство, посебно кога станува збор за “успешноста” на поднесените обвининија и нивно финализирање со осудителна пресуда е нотирано во бројни извештаи за државата, како не толку поволна околност.

Она што е интересно во ова истражување е дека во голема мера беа опфатени предмети за полесни кривични дела, процентот на определени алтернативни мерки е само малку повисок од процентот на определени алтернативни мерки во мониторингот на предмети од областа на организираниот криминал и корупцијата, каде алтернативните мерки се определени во 27,3 % од пресудите. [7]Спротивно на ова, процентот на определени алтернативни мерки во предметите од областа на семејното насилство е 70%, притоа имајќи предвид дека најголемиот број од предметите од областа на семејното насилство се поврзани со лесни кривични дела, како „загрозување на сигурноста“ и „телесна повреда“.

Врз основа на погорното може да се констатира дека казнената политика на судовите не секогаш кореспондира со реалните заложби и препознавањето на одредени тематски подрачја како проблематични, особено доколку се земе предвид погоре изнесената статистика согласно која лицата осудени за најчестите кривични дела (како „кражба“, „телесна повреда“ и оваа година „непостапување според здравствени прописи за време на пандемија“) се подеднакво казнувани како и сторителите на кривични дела од областа на организираниот криминал и корупцијата, а построго казнувани од сторителите на семејно насилство.

---

[6] Петровска Н., Аврамовски Д. – Системски мониторинг на кривични судски постапки во 2020 година, 2021 година

[7] Мисоски Б., Аврамовски Д., Петровска Н., Анализа на податоците од набљудуваните судски постапки од областа на организираниот криминал и корупција во 2019 година, 2019 година

„Содржината е единствена одговорност на Коалицијата „Сите за правично судење“ и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или организациите што ја спроведуваат.